АВГУСТ 2021

СПЕЦИЈАЛНО ИЗДАНИЕ ПО ПОВОД 30-ТАТА ГОДИШНИНА НА НЕЗАВИСНОСТА НА УКРАИНА

Ukrainian Embassy Skopje

# БИЛТЕН

На Амбасада на Украина во Република Северна Македонија




# СРЕЌНА ГОДИШНИНА НА НЕЗАВИСНОСТА!



## Наталија Задорожњук
## Амбасадорка на Украина во Република Северна Македонија

Имаме за што да известиме по повод 30-тата годишнина од обновувањето на независноста на Украина. Имаме активен политички дијалог, значајно зголемување на економската соработка, значително проширување на информатичкото присуство на Украина во Северна Македонија, имплементација на важни проекти во областа на јавната дипломатија, Украина станува се поприсутна во Северна Македонија. Но, тимот на Амбасадата е амбициозен, се стремиме кон повеќе. Ќе се обидуваме.

# ФЕСТИВАЛ НА ФИЛМОВИ НА ОЛЕКСАНДР ДОВЖЕНКО

Скопје, 13-16 Август




**НАТАЛИЈА ЗАДОРОЖЊУК**

**Амбасадорка на Украина во Република Северна Македонија**




Амбасадорката го отвори првиот настан на Амбасадата во рамките на одбележувањето на 30-тата годишнина од независноста на Украина – Фестивалот на филмовите на Олександр Довженко, организиран од Амбасадата и „Кинотеката на Северна Македонија“.

Во рамките на настанот, Арсениј Књазков, претставник на Националниот центар Олександр Довженко, одржа предавање за историјата на украинската кинематографија и одговори на прашања од публиката.

Три дена по ред македонската јавност имаше можност да се запознае со трилогијата на Олександр Довженко „Звенигора“, „Земја“ и „Арсенал“.

# УКРАИНСКАТА СОВРЕМЕНА ДОКУМЕНТАРИСТИКА ВО ФОКУСОТ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ

30 років Незалежності України

Скопје, 20-26 август, организирано со поддршка на Одделот за комуникациска и јавна дипломатија на Министерството за надворешни работи на Украина















Амбасадорката ја отвори украинската програма во рамките на познатиот меѓународен филмски фестивал MakeDox.

Наталија Задорожњук: «Украинската документаристика се развива многу брзо. За прв пат во нашата пријателска земја има толку многу документарни филмови од Украина. Сакам да им се заблагодарам на нашите режисери - Гана Јарошевич, Зоја Лактионова, Алина Горлова, Оксана Карпович за тоа што не само што ги обезбедија своите филмови на фестивалот, туку и за тоа што денес се присутни со нас. Сигурна сум дека за време на презентацијата на украинската документаристика, комуникацијата во живо, ќе се појават нови интересни идеи за понатамошна соработка, реализација на нови заеднички интересни проекти. Амбасадата на Украина, од своја страна, ќе придонесе за ова колку што е можно повеќе».

Во текот на цела недела, македонската јавност имаше можност да се запознае со модерните дела на украинското документарно кино.

АМБАСАДА НА УКРАИНА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ИЗЛОЖБА НА ДЕЛА НА УКРАИНСКИ УМЕТНИЦИ

Скопје, 21-23 август, организирано со поддршка на Одделот за Украинци во странство и хуманитарна соработка на Министерството за надворешни работи на Украина



Во срцето на Скопје, главниот град на Северна Македонија, во древниот Куршумли-ан, изграден во 16 век, се одржа изложбана дела од украински уметници кои живеат во Северна Македонија.



За одбележување на 30-тата годишнина од независноста на Украина, Амбасадата на Украина во Република Северна Македонија заедно со Заедницата на Украинци „Лесја Украинка“ во Република Северна Македонија иницираа единствена изложба посветена на делата на украинските занаетчии со цел промовирање на украинските традиции и култури. За време на изложбата, занаетчиите доброволно одржаа мастер класови за сите заинтересирани, исто така покануваа на онлајн часови за изработка на украински традиционален накит.



Наталија Задорожњук: „Им благодариме на нашите прекрасни уметници Снижана Мелник, Марјана Велковска, Тетјана Урбанович за создавање на чудесна атмосфера и презентирање на нивните воодушевувачки уметнички дела. Среќни сме што Украина станува поприсутна во Северна Македонија “.

# КРИМСКА ПЛАТФОРМА

Кијив, 23 август




**БУЈАР ОСМАНИ**

**Министер за надворешни работи на Република Северна Македонија**




## Крим е Украина!

**И благодариме на пријателската Република Северна Македонија за учеството на Самитот на Кримската платформа!**

**Министерот за надворешни работи на Северна Македонија: „ Делиме стратешки приоритети со Украина, што се одразени во нашето заедничко стремење за евроатлантска интеграција и заинтересирани сме во понатамошно зајакнување на билатералните односи. Анексијата на Крим е сериозна закана и потенцијална опасност за меѓународниот мир и безбедност; Република Северна Македонија се приклучи на Заедничката декларација, со што уште еднаш ја покажа својата поддршка кон пријателската Украина во однос на нејзиниот територијален интегритет и суверенитет.“**

АМБАСАДА НА УКРАИНА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# УЧЕСТВО НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО СВЕЧЕНОСТИТЕ ПО ПОВОД ДЕНОТ НА НЕЗАВИСНОСТА НА УКРАИНА

Киjив, 24 август



**СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ**

**Претседател на Република Северна Македонија**



30 років Незалежності України



# ЗАЕДНИЧКО ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ СО УКРАИНСКИОТ КОНТИГЕНТ КФОР НА 30-ТАТА ГОДИШНИНА НА ОБНОВУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА НА УКРАИНА

24 август




По повод 30-тата годишнина од обновувањето на независноста на Украина, на 24 август во Приштина, (Косово), се одржа свечен прием организиран од украинскиот контингент КФОР. Во своето поздравно обраќање, амбасадорката истакна: „Горди сме на нашите војници и веруваме дека ќе дојде ден кога Украина ќе стане полноправна членка на НАТО и со нејзиното учество ќе го зајакне најмоќниот воено-политички сојуз.

Благодарни сме им на нашите сојузници - земјите-членки на НАТО за нивната помош и поддршка во нашата борба против руската агресија “.

Персоналот на Амбасадата и војниците на 29 -та ротација на украинскиот контингент КФОР НАТО го честитаат Денот на независноста на Украина!
Слава на Украина!

Дипломатите и војската стојат рамо до рамо! Различни фронтови, но целта е иста – заштита на Украина!

**СЕРГИЈ ХОЛОШЕНКО**

**Командир на украинскиот контингент КФОР**



# ИНТЕРВЈУ НА АМБАСАДОРКАТА НА УКРАИНА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

30 років Незалежності України

## ЗАДОРОЖЊУК НАТАЛИЈА

За Крим, Донбас, надворешнополитички приоритети – НАТО и ЕУ, успесите на Украина, интензификацијата на украинско-македонски односи, како и за плановите на Амбасадата за иднината.

Подетално



Украина е демократска европска земја со силен човечки и економски потенцијал. Имаме заеднички приоритети за надворешна политика – членство во НАТО и Европската унија, ние сме и благодарни на Северна Македонија за нејзината континуирана поддршка во нашата борба против руската агресија, за непризнавањето на окупацијата на Крим.

И покрај тековната руска агресија и потребата да се фокусираат огромни количини човечки и материјални ресурси на одвраќање на Руската Федерација и нејзините платеници, Украина активно се трансформира.

Нашата Амбасада ја идентификува економската насока како една од приоритетните. Во текот на последниве години имаме значително интензивирање на билатералната трговско-економска соработка, особено стабилен раст на показателите на билатералната трговска размена.

*Во областа на јавната дипломатија, работиме позитивно. Се стремиме да му покажеме на македонското општество дека Украина не само што се бори, се брани, туку истовремено се реформира и има сериозни достигнувања во современата уметност, кинематографијата, литературата и спортот. Широк публицитет имаат настаните на Амбасадата во областа на публичната дипломатија.*

# АУДИО ВОДИЧ НА УКРАИНСКИ ЈАЗИК ВО МУЗЕЈ ВО СКОПЈЕ

Скопје, 26 август



Амбасадата на Украина во Скопје, во рамките на иницијативата на Првата дама на Украина Олена Зеленска, го лансираа првиот аудио водич на украински јазик во водечкиот музеј во земјата, Музеј на македонската борба.

„Искрено ни е драго што украинскиот јазик ги проширува своите граници. Отсега, украинските туристи, кои стануваат се поприсутни во оваа пријателска земја, особено благодарение на воведувањето на првиот во историјата на билатералните односи директен лет во декември 2020 година, ќе можат да се запознаат со изложбата и експонатите на Музејот на украински јазик.“ Амбасадорката на Украина Наталија Задорожњук,

**ПОДЕТАЛНО НА**



30 років Незалежності України

# МЕДИУМИТЕ

За настаните на Амбасадата на Украина во Скопје







## УКРАИНА ВО ЦЕНТАРОТ НА ВНИМАНИЕТО НА МАКЕДОНСКИТЕ МЕДИУМИ

## ОФИЦИЈАЛНАТА ПОЗИЦИЈА И ОЦЕНКАТА НА РАКОВОДСТВОТО НА МНР НА УКРАИНА ВО ФОКУСОТ НА МЕДИУМИТЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Статии на македонски јазик на Министерот за надворешни работи на Украина Дмитро Кулеба и Првата Заменик Министерка Емине Џапарова

## УЧЕСТВО НА РАКОВОДСТВОТО НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО НАСТАНИТЕ НА УКРАИНА

Кримската платформа и Денот на Независност на Украина